# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

## ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2026 година

**КРИВА ПАЛАНКА**
**декември, 2025 година**



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 став (1) точка 10 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ број бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 ,05/23 и 14/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на -----2025 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2026 година

## I. ВОВЕД

Програмата за локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2026 година е подготвена врз основа на постоечките документи и стратегии за развој, анализа на имплементацијата и мерките на развојните програми од претходните години и ефектите од предвидените мерки и активности и како документ има за задача да постави јасна визија, да даде насоки и приоритети за поттикнување на економски раст и создавање подобри услови за поквалитетен живот на локалната заедница. Програмата е логичко следство на претходните програми, базирана на анализа на локалните ресурси и потенцијали, но и тековни предизвици и развојни трендови. Фокус на програмата е поттикнување на активно учество на заедницата, особено на бизнис заедницата во процесот на креирање на позитивна локална развојна политика, фокусирана на условите за развој, унапредување на конкурентноста и одржливоста на локалната економија, преку ставање на локалните потенцијали и ресурси во функција на економскиот развој. Во изминатите години прилично се работеше на креирање на услови за развој, преку донесување на Генерален урбанистички план и неколку значајни детални урбанистички планови за развој на бизнис секторот, значително е подобрена поврзаноста на градот со соседните и поголемите градови, но и со локалните села и дестинации. По пауза од неколку деценииии, новиот ГУП даде можност за два нови колективни објекти за домување, чија изградба е во тек. Подобрувањето на поврзаноста на Крива Паланка од друга страна доведе кон зголемување на бројот на посетители на градот, но и голем број активности наши иселеници враќање кон старите огништа и изградба на викенд куќички во околните напуштени селски предели, што реузлтира со сериозен приход на локалната економија и оддржување во живот на локалната бизнис заедница. Сето ова дава можност на Крива Паланка, како општина со значаен геостратешки потенцијал, богато природно и културно наследство, и активна деловна


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

заедница, да го зајакне економскиот развој преку интегрирани и добро координирани политики. Токму поради тоа Програмата за 2026 година поставува чекор во рамката за развојниот циклус што поддржува раст и развој на малите и средните претпријатија на локално ниво. Интенцијата е да се стимулираат претприемачки иницијативи и да се придонесе кон создавање на услови за привлекување нови инвестиции, особено во производството, услугите и туризмот.

Основна мисија на програмата е создавање услови за стабилен локален економски развој преку поттикнување на претприемништвото, привлекување инвестиции, одржливо управување со ресурсите и развивање партнерства меѓу институциите, јавниот сектор, бизнис-заедницата и граѓаните.

Покрај поддршката на локалниот бизнис-сектор, во програмата се нагласени е инкомпорирана важноста за секторската поврзаност, особено во урбанистичко-комуналната сфера, што ќе доведе кон развој на современа, квалитетна и достапна инфраструктура. Во изминатите неколку години има сериозно подобрување на патната и комуналната мрежа, меѓутоа, дигиталната поврзаност и унапредувањето на јавните услуги се клучни сегменти што мора да се подобрат со цел овозможување на создавање стабилна основа за раст и поголема економска активност. Огромно значење мора да се даде и на потребата од одржливо управување со природните ресурси и развој на зелена економија, следејќи ги европските практики и националните приоритети.

За остварување на целите на програма за 2026 година, но и на целиот развоен циклус клучно ќе биде овозможување на партнерски пристап и поврзување на сите локални чинители – општинската администрација, бизнис-заедницата и граѓанскиот сектор, со цел градење на силен и отпорен локален економски систем, кој ќе може да одговори на современите предизвици, ќе поттикне иновации и ќе продуцира создавање на нови можности за младите и за работоспособното население. Со начелата на оваа програма, Општина Крива Паланка ја потврдува својата определба за транспарентно, планско и долгорочно управување со развојните процеси, со крајна цел — подобрување на квалитетот на живот, зголемување на економската активност и создавање услови за одржлив и инклузивен локален развој во 2026 година и понатаму.

Програмата за локален економски развој е изработена врз основа на надлежностите на локалната самоуправа, кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Крива Паланка. Активностите во оваа програма се креирани согласно потребите на локалното население, детектирани при изработката на стратешките документи, Родово одговорната стратегија за одржлив развој на Општина Крива Паланка 2022-2027, План за локален економски развој на Општина Крива Паланка 2024-2027 и Стратегија за развој на туризмот на Општина крива Паланка 2020-2025, Интегрираниот локален развоен план 2024-27. Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Крива Паланка за 2026 година ќе се реализира преку Секторот за локален економски развој и финансиски


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

прашања и Одделението за локален економски развој и евроинтеграции согласно своите надлежности и задолженија.

Реализацијата на оваа програма треба да поттикне и обезбеди континуирано одржлив развој кој треба да го поттикне учеството на локалната заедница, со единствена цел подобрување на животниот стандард на жителите на Крива Паланка.

Развојни приоритети:

1) Овозможување на партнерски пристап и поврзување на сите локални чинители – општинската администрација, бизнис-заедницата и граѓанскиот сектор, кој ќе овозможи создавање на нови можности за младите и за работоспособното население
2) Поддршка за понатамошен развој на туризмот и руралниот развој
3) Поддршка на енергетската ефикасност во функција на подобрување на условите за економски и одржлив развој на заедницата
4) Силна поддршка на евроинграциските процеси на државата преку имплементација на мерки и проекти и јакнење на капацитетите за користење на средства од странски фондови и донации;

Одделението за локален економски развој и евроинтеграции покрај предлагање и спроведување на мерки за поддршка на процесот на обезбедување на одржлив економски развој, во својата програма предвидува и широка лепеза на активности за креирање на партнерства со сите сектори, воспоставување на цврста регионална, прекугранична и транснационална соработка, имплементација на меѓународни проекти кои се започнати или се во фаза на одобрување, но и на подготовка на нови, согласно достапниот буџет и фондови во 2026 година.

## II. Носител на програмските активности

Носител на Програмата за Локален економски развој на општина Крива Паланка за 2026 година ќе биде Одделението за локален економски развој и евроинтеграции како одговорно за реализација на програмските активности.

## III. Програмски активности

### 1. Овозможување на околина за партнерски пристап и поврзување на сите локални чинители – општинската администрација, бизнис-заедницата и граѓанскиот сектор, кој ќе овозможи создавањето на нови можности за младите и за работоспособното население

Во последните неколку години, како тренд се јавува развојот на малите претпријатија, особено микро-претпријатијата и семејните бизниси се основен двигател за развојот на локалната економија во општина Крива Паланка, но истовремено се и мобилни,


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

адаптибилни и отпорни на брзи промени на условите на пазарот и побарувачката на потрошувачите. За да се спречи нивна ерозија од постојаниот проблем со работната сила и доволно финансиски средства за опстанок, потребни се мерки кои ќе обезбедат соодветни мерки и позитивна стимулативна развојна политика заради проширување на нивниот пазар и зголемување на нивната конкурентност. Освен постојаното усогласување со националната развојна политика за малите и средни претпријатија и презентација и помош на локалните бизнис субјекти во однос на мерките и проектите што ги спроведуваат националните институции, општина Крива Паланка ќе спроведе анализа и постапка за подготовка на позитивни политики и директни мерки, со кои ќе го поддржи процесот на развој на локалните претпријатија. Во 2025 година, во соработка со Младинскиот центар од Битола, преку проект поддржан од Фондацијата Улоф Палме од Шведска, меѓу 11те локални економски социјални совети (ЛЕСС) во РСМ беше формиран и ЛЕСС Крива Паланка, за кој беа изготвени основачките документи и програма за работа и истиот беше основан со одлука на Советот на општината. Со промената на составот на Советот на општината по изборите во 2025 година, потребно е да се потврди/ревидира составот на локалниот економски социјален совет и истиот да се активира во функција на подобрување на процесот на креирање на локалните политики. За таа цел се планира:

**1.1. Понатамошно унапредување на улогата и влијанието на Локалниот Економски Социјален Совет во процесот на креирање на локални политики за подобрување на локалната бизнис клима**

1.1.1 Вмрежување на ЛЕСС Крива Паланка, со останатите ЛЕССи во другите општини во државата и зајакнување на капацитетот на нивните членови во процесот на дефинирање на локалните приоритети за развој, состојбите во локалната економија и потребите на локалниот пазар на труд;

1.1.2 Изработка на т.н. План за вработување, како политика за општина Крива Паланка, со активно учество на членовите на ЛЕСС и негово формално ставање во функција

**1.2. Помош и поддршка на малите и средни претпријатија за нивен побрз и динамичен развој**

1.2.1 Изработка и промоција на Стратегија за мали и средни претпријатија на територијата на општина Крива Паланка како референтен акт за креирање на соработката 1.2.2 Промоција и поттикнување на општествената одговорност на локалните компании во делот заштита на животната средина и подобрување на условите за работа во локалните компании преку промоција на мерки и принципи, но и воведување на награда за најдобра-општествено одговорна компанија во градот (Комисија во главном би била составена од членовите на ЛЕСС и ЕЛС);

1.2.3. Промоција на принципот на активно партнерство преку овозможување на услови за заеднички настап на локалните компании на различни настани, саеми и програми од локален, национален и меѓународен карактер



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

**1.3. Поддршка и промоција на претприемаштвото и пристап до капитал , но и промовирање и привлекување на нови инвестиции**

1.3.1 Постојано ажурирање на базата на потенцијали и локации за развој на бизнис и отварање на нови компании согласно постоечките урбанистички документи и нивна промоција на веб сајтот на општина Крива Паланка

1.3.2 Изготвување на промотивен материјал за промоција на можностите за инвестирање и публикација на годишен информатор за пристап до капитал.;

1.3.3 Подготовка на постапка и изготвување на елаборат за превземање на мерки за поддршка на локалните мали и средни претпријатија и подготовка на предлог мерки за субвенционирање на овие субјекти по различни основи;

1.3.4 Овозможување на континуирана транспарентност во комуникацијата и постојано информирање на локалните МСП за постоечките национални и други фондови и извори на помош и финансирање за развој на компаниите;

## 2. <u>Поддршка на процесот на развој на туризмот</u>

Туризмот како понова потенцијална стопанска гранка за Крива Паланка, во последните неколку години е во постојан подем и развој. Специфичната локација и зголемената фрекфенција на минувачи, посетители и туристи заради културниот развој, но и заради подобрената пата поврзаност на Крива Паланка, доведе кон значително зголемување на приходите од туризмот во локалната економија, во последните неколку години. Токму затоа, и општината активно работеше на подобрување на условите, преку носење на урбанистички акти за одредени локалитети, но и подготовка и имплементација на технички проекти за подобрување на патната инфраструктура во регионот. За наредниот период општината ќе продолжи со подготовка и имплементација на мерки и активности кои ќе водат кон понатамошно унапредување на сите неопходни пред-услови за збогатување на туристичката понуда и нејзина промоција. Во последните неколку години, благодарејќи на богатата културна понуда рапиден подем постигна културниот туризам.

**2.1. Креирање на база на податоци за потенцијалот за развој на туризам во општина Крива Паланка**

2.1.1 Ажурирање на податоците за сите туристичките објекти и потенцијали за развој на туризмот и евидентирање на имотната и правната состојба на просторот и објектите, кои се од туристичко значење;

2.1.2 Објава и постојано ажурирање на регистерот на субјекти на територијата на Крива Паланка, кои се занимаваат во угостителска дејност и сместување на туристи;

2.1.3 Изработка на Стратегија за туризам на општина Крива Паланка 2026-30


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

**2.2.Поддршка на процесот на креирање на туристичка понуда**
2.2.1 Организација на обука за менаџери во сферата на туризмот
2.2.2 Ажурирање на маркетинг промоцијата за развој на туризмот/ виртуелен водич
2.2.3 Иницирање и реализација на меѓопштинска и регионална соработка во делот на туризмот, со цел збогатување на туристичката понуда и подобрување на конкурентноста на локалната и регионалната понуда во пошироки рамки
2.2.4 Збогатување на туристичката понуда со нови туристички продукти и дестинации (историски парк ГРАДЕЦ, Адреналински парк на Калин Камен, ...)
2.2.5 Маркирање на планинарски и велосипедски патеки
2.2.6 Подготовка, дизајн и печатење на промотивен материјал за туристичкиот потенцијал на Крива Паланка
2.2.7 Поставување на туристичка визуелизација - ознаки и патокази до секој туристички објект;

**2.3. Поддршка и развој на локални традиционални занаети во функција на развој на туризмот и привлекување на туристи**
2.3.1 Анализа, подготовка на постапка и изготвување на елаборат за мапирање, моментална состојба и предлог-мерки за поддршка на локалните занаети по сите основи;
2.3.2 Отварање на туристичко информативен центар (киоск) со промотивен материјал и сувенирница во центарот на градот и на граничниот премин Деве Баир и во центарот на градот како туристичко информативно биро;

**3. Подготовка, аплицирање и имплементација на проекти**

Одделението за локален економски развој и евроинтеграција во својот реферат има задача и да учествува подготовка на апликации и аплицирање на програми и проекти на повици од домашни и странски донатори. Како востановена практика, вработените во одделението активно учествуваат и во имплементацијата на проектите финансирани во рамки на ИПА Програмите за прекугранична соработка со Бугарија, Србија и Косово, но и на УНДП, УСАИД, како и активности и проекти на база на воспоставена билателарна соработка со странски амбасади и други потенцијални донатори и партнери. Вработените во Одделението ќе учестуваат и во подготовка на проекти на јавни повици од нашите министерства, агенции и други институции, што се од интерес на општината и локалната заедница.

**3.1 Аплицирање на проекти на повици на национални институции од централната власт и странски донатори**
Одделението за локален економски развој и евроинтеграции ќе работи на процес на аплицирање на проекти, на јавен повик на
- институциите од централната власт - Влада на РСМ, Министерства, Биро за регионален развој, АФПРРЗ и други национални установи и институции и


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

- на повик или билателарна соработка со странски донатори (УСАИД, УНДП, ГИЗ и други), амбасади или ИПА Програма за прекугранична соработка со Бугарија, Косово и Србија, Адрион, Интеррег, Урбакт и слични.

**3.2 Имплементација на тековно започнати проекти за кои е аплицирано или веќе е добиен договор за грант;**

3.2.1 Проект „**Заштита на областите преку регионално знаење и оддржливост**", во партнерство со Општина Дупница, Бугарија во рамки на Програмата за зеленило на Интеррег ИПА Програмата за прекугранична соработка Бугарија-Северна Македонија. Проектот е со специфична цел – поддршка на процесот за зголемување на урбаното зеленило во Крива Паланка и Дупница, креирање на зелен катастар за урбаното зеленило во двете општини, педологија на почвата во регионото и подготовка на прирачник за самостојно уредување на зелените појаси во прекуграничниот регион. Вкупен планиран буџет е 894.829 евра за двата партнери. Договорот за грант е потпишан на 01.07.2024 година, со времетраење од 24 месеци и истиот ќе се имплементира и во 2026 година.

3.2.2 Проект "**Прекугранична атракција – смарт туризам во регионот Крива Паланка – Ќустендил - Невестино**" - во партнерство со СИПР и Народен музеј Куманово од Република Северна Макеоднија, и Општина Ќустендил, Општина Невестино и Комора за комерција и индустрија од Ќустендил, Република Бугарија во рамки на Интеррег ИПА Програмата за прекугранична соработка Бугарија-Северна Македонија. Проектот е со специфична цел – поддршка на процесот за создавање на услови за развој на четирисезонски туризам во прекуграничниот регион Крива Паланка-Ќустендил. Во рамки на проектот се очекува градежна инвестиција во туристичка инфраструктура на локација Калин Камен, над локалитет Ловечка куќичка, која предвидува изградба на т.н. Адреналински Парк, односно креирање на забавен парк Калин Камен, како и активности за креирање на промотивен материјал и поширока промоција на локалитетот како туристичка атракција. Вкупен планиран буџет: 999.532 евра, од кои околу 304.962 евра се за општина Крива Паланка. Проектот е во фаза на имплементација, со договор за грант од 07.03.2025 година, во времетраење од две години и истиот ќе продолжи со имплементација и во 2026 година.

3.2.3 Проект **"Од минатото кон иднината"** - во партнерство со Град Лесковац, Центарот за развој на Јабланичко-Пчињска област и Национален Музеј Лесковац во рамки на ИПА Програмата за прекугранична соработка Србија-Северна Македонија. Проектот е со општа цел – подобрување на интегративната валоризација и оддржливоста, како и прекуграничното поврзување на културното и природното наследство во Јабланичкиот регион во Србија и Севроисточниот плански регион во Северна Македонија. Конкретно за Крива Паланка, во рамки на проектот ќе се изгради и уреди остатокот од пешачката патека во Бабин Дол, која води кон манастирот Свети Јоаким Осоговски. Како софт-компонента е предвидено зајакнување на капацитетите на јавните и приватните актери од целната област преку соработка и трансфер на know-how во заштита, менаџирање и валоризација на природно и културно наследство. Вкупна вредност на грантот изнесува 625.858,35 евра, од кои 246.727,14 евра се за општина Крива Паланка. Проектот начелно е одобрен за

финансирање, се чека формализирање на одлуката и потпишување на договорот за грант во 2026 година.

3.2.4 Проект за изработка на ситуациска анализа, преку собирање податоци и анализа на тековните состојби и ризици во областа управување со ризици од поплави и подготовка на подготвителна документација за Кумановска и Крива Река. Проектот е целосно финансиски покриен од програмата City Climate Gap Fund, имплементирана од World Bank и European Investment Bank, во партнерство со Германското друштво за интернационална соработка, ГИЗ. Експертски тим, ангажиран од ГИЗ, ќе врши зајакнување на капацитетите на општините во идентификувањето на ризиците од поплави, справувајќи се со последиците од климатските промени, притоа користејќи природни одржливи решенија. На ниво на концепт ќе биде подготвена проценка на ризикот од поплави, истакнувајќи ги областите со висок степен на ризик. Во проектот ќе се вклучи и карактеризација и мапирање на опасностите и целокупна проценка на ризикот, за да се разберат влијанијата на опасноста, преку интегрирање на податоците и мапите за изложеност и ранливост. Исто така, ќе се спроведат активности за развој на капацитети за да се зајакнат знаењата и вештините на градските службеници на Крива Паланка. Проектот е во тек со активности со планирана динамика и финализирање во 2026 година.

## 4.Рурален развој и земјоделие

Со развојот на патната инфраструктура и подобрување на поврзаноста со селата и руралните делови во последните неколку години, руралниот развој сам по себе се наметна како локален потенцијал за привлекување и развој на претприемачкиот дух на локланото население, со дополнителни инвестиции во овие краеви. Општината мината година започна со процес на субвенционирање на локалните производители на органска храна, што наиде на позитивен одговор и во следната година ќе продолжи со оваа пракса, но ќе се превземат активности и за подготовка на нови мерки кои ќе влијаат врз руралниот развој и искористување на локланите ресурси и потенцијали и нивно ставање во функција на економскиот развој на градот.

### 4.1. Поддршка на процесот на развој на земјоделието

4.1.1 Поттикнување на органското производство (обуки, работилници)
4.1.2 Субвенционирање на органските сертифицирани производители.
4.1.3. Обуки/работилници за унапредување и развој на пчеларството во Општина Крива Паланка како посебна гранка од интерес на земјоделството.
4.1.4 Доделување на награда „Земјоделец/ка за 2026 година на Општина Крива Паланка“

### 4.2. Поддршка на руралниот развој и проект ПАЛАНЕЧКА КУЌА

4.2.1 Обуки за „Продажба од праг за домашни производители на храна“
4.2.2 Анализа, подготовка на елаборат и мерки за промоција на ПАЛАНЕЧКА КУЌА како простор за промоција и продажба на локлани продукти од локални производители на храна, ракотворби и сувенири.


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

## 4. Енергетска ефикасност

Енергетската ефикасност и примена на мерките за енергетска ефикасност во поново време на климатски промени и зголемена потрошувачка на енергија е можност за подобрување на условите и квалитетот на живеење на локалната заедница, преку заштеди во трошоци за енергијата и нивно пренасочување кон други потреби. Активностите ќе бидат насочени кон поддршка и промоција на енергетската ефикасност преку подготовка на документи, акти и проекти и нивна имплементација. Потребна е ревизија на Стратегијата за енергетска ефикасност како рамка за наредниот период и давање на конкретна насока и институционализација за примена на мерки за заштеда на електрична енергија и подобрување на условите на работа за јавните и приватните институции.

4.1 Изготвување на СЕКАП на општина Крива Паланка
4.2 Промоција на енергетски фасади за станбени објекти за колективно домување

## 5. Други мерки од интерес на економскиот развој

Освен туризмот, земјоделието и руралниот развој активностите на вработените во одделението ќе бидат насочени кон поддршка на процесот на развој на регионалната соработка и вмрежување/креирање на партнерства и јакнење на општинските капацитети, согласно можностите и ингеренциите на општината.

### 5.1. Регионална соработка и вмрежување / креирање партнерства

5.2.1 Унапредување на соработката со СИПР во процесот на изготвување на стратешки документи, организирање на локални и регионални проектни форуми;

5.2.2 Реформирање на ЛАГот Осоговски Лисец во соработка со општините Ранковце и Кратово и изработка на ревидирана Стратегија, согласно која ЛАГот ќе може да аплицира во ЛИДЕР и другите фондови што се на располагање

5.2.3 Унапредување на соработката со збратимените градови од европските држави и заедничко учество во преокти од интерес на локланите заедници

### 5.2.Јакнење на општински капацитети

5.3.1.Постојано унапредување и јакнење на капацитетот на вработените во Одделението за локален економски развој и промоција на регионална и меѓународна соработка, преку континуирано следење на новите трендови во локалниот развој и учество на обуки организирани од разни институции.

За реализација на целите на програмата, Општина Крива Паланка ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци), вклучително граѓанските организации и месните заедници, кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите.

Носител на реализацијата на програмските активности е Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија во општината, кое исклучително ќе


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

води сметка за постигање на програмските цели и родовата врамнотеженост при реализација на активностите и алокација на финансиските средства. Активностите од Програмата ќе ја имплементира Одделението за локален економски развој и евроинтеграции ќе ја имплементира во соработка со другите релевантни одделенија во општината.

**Финансирање**

Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства од програмата Г1 од Буџетот на Општина Крива Паланка и буџет од други извори (регионални, национални, меѓународни програми, проекти и фондови).

**Преодни и завршни одредби**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Бр. 09 – 6407/29**
**05.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Миле Трајковски**


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

**АКЦИСКИ ПЛАН**

**Оперативна, родово-сензитивна буџетска програма за Локален економски развој за 2025 година на Општина Крива Паланка**

| | **1. Овозможување на околина за партнерски пристап и поврзување на сите локални чинители – општинската администрација, бизнис-заедницата и граѓанскиот сектор, кој ќе овозможи создавањето на нови можности за младите и за работоспособното население** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/ индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** | **Родови индикатори** |
| Понатамошно унапредување на улогата и влијанието на Локалниот Економски Социјален Совет во процесот на креирање на локални политики за подобрување на локалната бизнис клима | -Вмрежување на ЛЕСС Крива Паланка, со останатите ЛЕССи во другите општини во државата и зајакнување на капацитетот на нивните членови во процесот на дефинирање на локалните приоритети за развој, состојбите во локалната економија и потребите на локалниот пазар на труд<br><br>- Изработка на т.н. локален План за вработување, како политика за општина Крива Паланка, со активно учество на членовите на ЛЕСС и негово формално ставање во функција | во текот на целата година<br><br>јануари – декември 2026 | - зајакната позиција и статус на ЛЕСС / број на иницијативи произлезени од ЛЕСС<br>- членување во формална/неформална мрежа<br><br>- Изготвен План за вработување и направена анализа на потреби и услови за работа | Општина Крива Паланка Одделение за економски развој и евроинтеграции<br><br>ЛЕСС | /<br><br>/ | Број на иницијативи поднесени од мажи/жени Број на членови на ЛЕСС и мрежите (мажи/жени)<br><br>Учество на мажи/жени во изготвување на планот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Помош и поддршка на малите и средни претпријатија за нивен побрз и динамичен развој** | - Изработка и промоција на Стратегија за мали и средни претпријатија на територијата на општина Крива Паланка<br><br>- Промоција и поттикнивање на општествената одговорност на локалните компании во делот заштита на животната средина и подобрување на условите за работа во локалните компании преку промоција на мерки и принципи, но и воведување на наградa за најдобра-општествено одговорна компанија во градот<br><br>- Промоција на принципот на активно партнерство преку овозможување на услови за заеднички настап на локалните компании на различни настани, саеми и програми од локален, национален и меѓународен карактер | март-август<br><br>ноември-декември<br><br>во текот на годината | - изготвена Стратегија за МСП<br><br>- промовирани можности за нови инвестиции / број на промотивни алатки и материјали<br><br>изготвен Правилник за доделување на наградата / конкурси и доделена награда<br><br>број на организирани настани | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој и евроинтеграции | 150.000<br><br>60.000<br><br>100.000 | Родово одговорно водење на процесот со обезбедени услови за еднаков пристап за сите<br><br>број на компании водени од мажи/жени<br><br>Родово одговорно водење на процесот со обезбедени услови за еднаков пристап за сите |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Поддршка и промоција на претприемаштвото и пристап до капитал, но и промоцвирање и привлекување на нови инвестиции** | -Постојано ажурирање на базата на потенцијали и локации за бизнис и отварање на нови компании, согласно постоечките УП и нивна промоција на веб-страната на општината<br><br>- изготвување на промотивен материјал за промоција на можностите за инвестирање и публикација на годишен информатор<br>- подготовка на постапка и елаборат за мерки за подршка на МСП и предлог мерки за нивно субвенционирање по разни основи<br><br>- овозможување на постојана транспарентност во комуникацијата и постојано информирање на локалните МСП за постоечките национални и други фондови и извори на помош и финансирање за развој на компаниите; | во текот на годината<br><br>во текот на целата година<br><br>во текот на целата година | - ажурирана и јавно објавена база<br><br>-подготвен и поделен промотивен материјал<br><br>- јавно објавен годишен информатор<br><br>- подготвен елаборат со анализа за состојбата на МСП и предлог мерки за пддршка<br><br>-воспоставена комуникација со МСП / број на издадени потврди од општина / број на нови аплицирани проекти од страна на локални фирми во наведените фондови | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој и евроинтеграции<br><br>ЛЕСС | /<br><br>150.000<br><br>200.000 | Родово одговорно водење на процесот со обезбедени услови за еднаков пристап за сите |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | 2. **Поддршка на процесот на развој на туризмот** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/ индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** | **Родови индикатори** |
| **Креирање на база на податоци за потенцијалот за развој на туризам во општина Крива Паланка** | Ажурирање на сите туристичките објекти и потенцијали за развој на туризмот и Евидентирање на имотната и правната состојба на просторот и објектите, кои се од туристичко значење<br><br>- Објава и постојано ажурирање на регистер на субјекти на територијата на Крива Паланка, кои се занимаваат во угостителска дејност и сместување на туристи<br><br>- Изработка на Стратегија за туризам 2025-30 | во текот на целата година | - ажуриран Регистер на субјекти<br><br>- изготвена стратегија за туризам 2026-30 | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој и евроинтеграци | /<br>/<br>200.000 | Број на учесници во процесите разделени по пол и еднакво учество на двата пола |
| **Поддршка на процесот на креирање на туристичка понуда** | Организација на обука за менаџери во сферата на туризмот<br><br>Ажурирање на маркетинг промоцијата / виртуелен водич<br><br>Меѓуопштинска и регионална соработка со цел збогатување на понудата и подобрување на конкурентоста<br><br>Збогатување на туристичка понуда | во тек на целата година | - број на обучени лица<br><br>- број на посетители на страната<br><br>-број на нови продукти и дестинации во регионот | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој и евроинтеграции | 100.000<br><br>60.000<br><br>Средства од донатор | Број на проекти и и корисници со еднаква корист за двата пола |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Маркирање на планинарски патеки<br><br>Подготовка, дизјан на пропаганден материјал<br><br>Поставување на туристичка визуелизација | | - број на маркирани патеки<br><br>- број и количина на испорачан пропаганден материјал<br><br>- број на поставени туристички знаци | Одделение за економски развој и евроинтеграции | 100.000<br><br>200.000<br><br>Средства од донатор | |
| **Поддршка и развој на традиционални занаети во функција на развој на туризот и проблекување на туристи** | Анализа, подготовка и елаборат за мапирање, состојба и поддршка на стари занаети<br><br>отварање на туристички киоск на Деве Баир и Туристичко биро во центарот на градот | | - изготвен елаборат/анализа како документ<br><br>- отворени објект | Одделение за економски развој и евроинтеграции | /<br><br>300.000 | Број на корисници со еднаква корист за двата пола |
| | **3. Подготовка, аплицирање и имплементација на проекти** | | | | | |
| **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/ индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** | **Родови индикатори** |
| **Аплицирање на проекти на повици од национални институции од централната власт и странски донатори** | - Подготовка и имплементација на проекти на јавен повик на институции од централна власт (Влада на РСМ, Министерства, Биро за регионале нразвој, АФПРРЗ и други ..)<br><br>- Подготовка и имплементација на проекти на повик на или билателарна соработка со странски донатори (УСАИД, | во текот на годината | -број на подготвени апликации по објавен повик / број на добиени грантови и потпишани договори<br><br>-број на подготвени апликации по објавен повик / број на добиени грантови и потпишани договори | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој и евроинтеграции | / | Број на проекти и и корисници со еднаква корист за двата пола<br><br>Број на проекти и и корисници |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | УНДП, ГИЗ и други), амбасади или ИПА ПГС, Адрион, УРБАКТ и сл. АФПРРЗ и други ..) | | | | | со еднаква корист за двата пола |
| **Имплементација на тековно започнати проекти за кои е аплицирано или веќе е добиен договор за грант** | Проект ПАРКС – во партнерство со Дупница, Бугарија<br><br>Проект Прекугранична атракција – развој на смарт туризам, во партнерство Ќустендил Бугарија<br><br>Проект Од минатото кон иднината во партнерство со Општина Лесковац<br><br>Проект за ситуациска анализа на тековни состојби и ризици од областа на ризици од поплави | јануари-август<br><br>во тек на целата година<br><br>во текот на годината / по потпишување на договорот за грант<br><br>јануари-март | Успешно имплементирани проекти / индикаторите и резултатите со содржат во самата проектна апликација | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој и евроинтеграции | Средства од донатор<br><br>средства за позајмица 1.500.000,00<br><br>1.5000.000,00 | Број на проекти и и корисници со еднаква корист за двата пола |
| | **3.Рурален развој и земјоделие** | | | | | |
| **Поддршка на процесот на развој на земјоделието** | -Поттикнување на органското производство (обуки, работилници)<br><br>- Субвенционирање на сертифицирани органски производители на храна | Во текот на годината<br><br>ноември-декември | Број на обуки и работилници<br><br>Број на доделени субвенции | Одделение за економски развој и евроинтеграции | 100.000<br><br>100.000 | Родово одговорно водење на процесот со обезбедени услови за еднаков пристап за сите |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Обуки за унапредување и развој на пчеларството<br><br>доделување на награда Земјоделец на годината | во тек на целата година | број на испорачани обуки<br><br>- доделена награда / спроведена постапка | | 30.000<br><br>30.000,00 | |
| **Поддршка на руралниот развој и проект ПАЛАНЕЧКА КУЌА** | Обуки за Продажба од праг за домашни производители на храна<br><br>Анализа, подготовка на елаборат и мерки за промоција на ПАЛАНЕЧКА КУЌА | Во текот на годината | Број на организирани обуки за начините и можностите за Продажба од праг за домашни производители на храна<br><br>Подготвена анализа и предлог мерки за Паланечка куќа | Одделение за економски развој и евроинтеграции | 100.000<br><br>100.000 | Број на мажи и жени учесници на обуката |
| | **4.Енергетска ефикасност** | | | | | |
| **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/ индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** | **Родови индикатори** |
| **Подготовка и имплементација на проекти од областа на енергетската ефикасност**<br><br>**Поддршка на процесот на енергетска ефикасност во објектите за колективно домување** | -Изготвување на СЕКАП на општина Крива Паланка<br><br>Промоција на енергетски фасади за станбени објекти за колективно домување<br><br>Програма за енергетска ефикасност | Во тек на годината<br><br>во тек на годината | - изготвен СЕКАП документ<br><br>- подготвени технички проекти за енергетски фасади на објектите за колективно домување<br><br>Изготвена програма | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој, јавни дејности и ИТ | Средства од донатор<br><br>/ | Родово одговорно водење на процесот со обезбедени услови за еднаков пристап за сите |

| | 5. Други мерки од интерес на економскиот развој | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/ индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** | **Родови индикатори** |
| **Регионална соработка и вмрежување / креирање партнерства** | -унапредување на соработката со СИПР во процесот на изготвување на стратешките документи, организирање на локални ирегионални форуми<br><br>Реформирање на ЛАГот Осоговски Лисец н | во тек на годината<br><br>јануари-мај | Изготвени стратешки документи/број на организирани форуми / нови партнерства<br><br>-нов управувачки одбор на ЛАГот со изготвена стратегија | Општина Крива Паланка СИПР Општина Крива Паланка Општина Ранковце Општина Кратово ЗГ ЛАГ | 200.000 (членарина ЗЕЛС)<br><br>200.000 (членарина СИПР)<br><br>200.000 | Родово одговорно водење на процесот со обезбедени услови за еднаков пристап за сите |
| **Јакнење на општински капацитети** | -Постојано унапредување и јакнење на капацитетот на вработените во Одделението за локален економски развој | во тек на годината | Подобрени капацитети на вработени во ЛЕР/ број на обуки на кои учествувале | Општина Крива Паланка | / | Број на вработени мажи и жени со зајакнат капацитет за имплементација на проекти и активности од областа на ЛЕР |
| **Планиран буџет** | | | | | | **5.950.000** |

**Бр.09-______/___**
**05.12.2025 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Миле Трајковски**



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка